# Сузане Крогман

Сузане Крогман е родена во        година и е дипломиран економист на Универзитетот Георг-Август во Гетинген, Германија.  Потоа студирала Европски интеграции на Колеџот на Европа во Бриж, Белгија.

Нејзината кариера ја започнува во Тројхандантсталт, агенција во државна сопственост одговорна за приватизација на претпријатијата и средствата на поранешната Демократска Република Германија. Во текот на петте години поминати во Тројхандантсталт, Крогман работела во секторот за контрола и во секторот за управување со договори.  Во последните 2 години поминати таму работела како менаџер за клучни корисници за неколку компании во хемиската индустрија.

Сузане Крогман стана дел од Дојче Телеком во 1999 година. Повеќе од 8 години работела на различни работни места во Областа за регулативни и јавни прашања, особено на полето на регулативна економија и регулативна стратегија.  Потоа ја презеде функцијата раководител на „Стратегија за корпоративна одговорност и контрола“ на групацијата, каде што разви нова Стратегија за корпоративна одговорност за Групацијата ДТ.  По зголемувањето на свесноста за безбедноста на податоците и заштитата на податоците во Дојче Телеком, таа работеше на проект за безбедност на податоци со нејзин личен фокус на безбедноста на податоците за корисниците.

Од крајот на 2009 година таа е Потпретседател за Корпоративно управување за Европа во рамки на подрачјето на Одбори на директори во Европа во Дојче Телеком.

Од 2011 година таа е член на Одборот на директори на Црногорски Телеком.

Преведено од Лингва Експерт